**Известување за концентрација со која Раифајзен банка А.Д. Белград, Србија ќе стекне единствена контрола над Креди Агрикол Банк Србија А.Д. Нови Сад, Србија**

**(предмет бр. 08-95 од 20.08.2021 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 20.08.2021година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнување на единствена контрола од страна на Раифајзен банка А.Д. Белград, Србија со регистрирано седиште на ул. Ѓорѓе Станојевиќ 16, 11000 Белград, Србија над Креди Агрикол Банк Србија А.Д. Нови Сад, Србија со регистрирано седиште на ул. Браќа Рибникар, 4-6, 21000 Нови Сад, Србија.

Раифајзен банка А.Д. Белград, Србија е индиректна фирма-ќерка на Раифајзен Банк Интернешенл АГ, акционерско друштво организирано според законите на Австрија, со седиште на ул. Ам Штадпарк бр.9, 1030 Виена, Австрија. Припаѓа на РБИ групата на компании која е австриска банка која е активна во Централна и Источна Европа на малопродажно и корпоративно ниво која располага со мрежа од банки, лизинг друштва и голем број на други даватели на финансиски услуги. Во државата каде е регистрирана, Раифајзен банка А.Д. Белград, Србија е универзална банка, која нуди широк спектар на производи и услуги. Првенствено врши банкарски услуги за корпоративни клиенти и лица на дневно ниво, вклучувајќи отворање на сметки, домашни и меѓународни плаќања, девизни трансакции, финансии за обртни средства, среднорочни капацитети, банкарски гаранции и акредитивни писма. Раифајзен банка А.Д. Белград, Србија преку своите фирми-ќерки во Србија врши и финансиски лизинг услуги, обезбедува услуги и производи од доброволни пензински фондови и услуги за управување со средства (односно Раифајзен лизинг, Раифајзен доброволен пензински фонд и Раифајзен друштво за управување со инвестициски фондови). Својата деловна активност Раифајзен банка А.Д. Белград, Србија ја врши преку своето седиште во Белград и преку широка мрежа на филијали.

Креди Агрикол Банк Србија А.Д. Нови Сад, Србија е сенаменска банка со мрежа од 74 филијали во Србија. Креди Агрикол Банк Србија А.Д. Нови Сад опслужува лица, мали претпријатија и корпоративни клиенти.

Креди Агрикол Банк Србија А.Д. Нови Сад, Србија е крајно контролирана од Креди Агрикол С.А. (CRÉDIT AGRICOLE S.A.), кое е *Société Anonyme* друштво, основано во согласност со законите на Франција, со регистрирано седиште на плас дес Етатс-Унис (place des Etats-Unis), бр. 12, 92127 Монтруж Седекс, Франција. Креди Агрикол Банк Србија А.Д. Нови Сад е единствен содружник (со 100% удел) во КА Лизинг Србија д.о.о.

Ниту Подносителот ниту Целното друштво не се активни и немаат регистрирани друштва во Република Северна Македонија.

Релевантниот пазар на стоки за пријавената концентрација би можел да се дефинира како а) пазар за давање на сите банкарски услуги (т.н. *банкарски пазар*) и б) пазар на (финансиски) лизинг.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

25.08.2021 година
Скопје